## ТЕМА 08: КРИЗА НА ПРИПАДНОСТ

**ВО 2000-ТИТЕ ЗИГМУНТ БАУМАН ПРАВИ ПАРАЛЕЛА ПОМЕЃУ МОДЕРНАТА ОД ПРВАТА ПОЛОВИНА НА XX ВЕК, КОЈА ЈА ИМЕНУВА КАКО „ЦВРСТА МОДЕРНОСТ“ (SOLID MODERNITY), ИЛИ ЕРА ВО КОЈА СТРОГО СЕ СЛЕДАТ СОЦИЈАЛНИТЕ (И АРХИТЕКТОНСКИТЕ) ДОГМИ, И ПЕРИОДОТ ДЕНЕС КОЈ ГО ИМЕНУВА „ФЛУИДНА МОДЕРНОСТ“ (LIQUID MODERNITY). ИМЕНО, ВО ПОЧЕТОКОТ НА XXI ВЕК НОМАДСТВОТО СЕ ПРЕПОЗНАВА КАКО ГЛАВНА ОДЛИКА НА „ФЛУИДНИОТ МОДЕРНИСТ“, КОЈ МИНУВА НИЗ СОПСТВЕНИОТ ЖИВОТ КАКО ТУРИСТ, ПРОМЕНУВАЈЌИ МЕСТА, РАБОТНИ ПОЗИЦИИ, ПАРТНЕРИ, ВРЕДНОСТИ, ДУРИ И ПОЛИТИЧКИ ИЛИ СЕКСУАЛНИ ОРИЕНТАЦИИ, ОСЛОБОДУВАЈЌИ СЕ ОД ЗАБРАНИТЕ ИЛИ ОБВРСКИТЕ КОИ ТАКВИТЕ СОСТОЈБИ ГИ НАМЕТНУВААТ. НАШАТА ГЕНЕРАЦИЈА ЈА ЗАТЕКНУВА И СЕ СООЧУВА СО ОВАА СОСТОЈБА НА ПОВЕЌЕ ФРОНТОВИ. АЛТЕРНАТИВНИТЕ ФОРМИ НА CO-LIVING И CO-WORKING, КОИ СЕ ЈАВУВААТ КАКО ОДГОВОР НА ЗГОЛЕМЕНАТА МОБИЛНОСТ НА НАСЕЛЕНИЕТО, КАКО И ЕКОНОМСКАТА НЕЛАГОДНОСТ НА НОВИОТ ПРЕКАРИЈАТ, БАРААТ НОВИ ЕЛЕМЕНТАРНИ УСЛОВИ КОИ ГИ ПРЕДИЗВИКУВААТ РАМКИТЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ ТИПОЛОГИИ.**
**СÈ ПОМАЛКУ ДОМОТ, ИЛИ ПРОСТОРОТ ЗА ЖИВЕЕЊЕ, Е ИДЕЈА КОЈА РЕФЛЕКТИРА ПОСТОЈАНОСТ; А ОПШТЕСТВОТО (И АРХИТЕКТУРАТА) СÈ УШТЕ СЕ ТЕМЕЛИ НА ТРАДИЦИОНАЛНИ КОНЦЕПТИ НА ЖИВЕЕЊЕ. ВО ОВОЈ КОНТЕКСТ, КАКО ДА СЕ ДЕФИНИРА ДОМОТ, ИЛИ ПРОСТОРОТ ЗА ЖИВЕЕЊЕ? КАКВО Е ЗНАЧЕЊЕТО НА ПРАШАЊАТА ЗА СОПСТВЕНОСТ И ПРИПАДНОСТ ПРИ КОНТИНУИРАНАТА МИГРАЦИЈА И ЗАБРЗАНИОТ ПРОЦЕС НА ЛАБАВО (ИЛИ ЦВРСТО) МЕЃУСЕБНО ПОВРЗУВАЊЕ НА ЦЕЛИОТ СВЕТ?**

*Queue, инсталација „Да останам, или да одам“ - самостојна изложба на Нада Прља, МСУ, Скопје, 2008*



## ВАЖНО Е ДА СЕ ИМА ОГАН, А НЕ ОГНИШТЕ

*Лидија Димковска*

Во контекстот на прашањето за постојаноста и релативноста на домот како „човеково право“, мотото на мојата последна поетска збирка „Црно на бело“ (Или-Или, Скопје, 2016) незалудно е следново:

*На ќерка ми заŭчињаŭа ѝ се нишааŭ во една,*
*ѝ ŭаѓааŭ во друīа,*
*а ѝ расŭаŭ нови во ŭреŭа земја.*

Имено, мојот досегашен живот може да се подели на две половини кои се изедначени во целост: годините што ги поминав седентарно, на едно, односно две места: шест години во Шлегово и седумнаесет години во Скопје, и двете во Македонија, и годините што ги поминав номадски, термин кој во мојата лична терминологија семантички го опфаќа не само мојот псевдо-седентарен живот во странство (седум години во Романија и шеснаесет во Словенија, период во кој променив повеќе домови) туку и мојот мобилен живот во истиот период во повеќе од триесет земји низ светот како учесничка на разни книжевни настани, резиденции, читања и фестивали. Само во октомври 2016 год. на мојата тринеделна книжевна турнеја низ САД променив десет градови (десет хотели, дваесет авионски летови, десет сојузни држави, најмалку две годишни времиња). Кон сето тоа треба да се додаде и поголемиот број семејни патувања на кои мојот сопруг, прономадски седантерист (Словенија-Романија-Словенија) и нашата десетгодишна ќерка, со составен идентитет на Словенка и Македонка, влијаат не само на нашето разбирање и доживување на Домот/ Еден или Мултиплициран, како место на враќање и заминување туку и на нашиот духовен, душевен, физички, културен и геополитички живот. Во таа смисла млечните заби на ќерка ми се симбол на една поширока егзистенцијална размисла за идентитетот и за неговите кромидести прстени, кои ја разграничуваат кризата на припадност како онтолошки дел од животот.

Седентарното како категорија од „цврстата модерност“ и номадското како категорија од „флуидната модерност“ за мене се две и животни и книжевни опсесии кои се појавија во мојот внатрешен и надворешен видокруг по мојата преселба од Македонија во 1995 год. Дотогаш и домот и јазикот и идентитетот се подразбираа сами по себе – човек речиси и не се прашува за тоа кој е, што е и каде е дома во услови на стабилна седентарна состојба. Интересно е што ретко кој, всушност, ја цени оваа состојба на непроблематичен идентитет, кога те опкружува сè што а приори е твое (татковината, мајчиниот јазик, семејството, пријателите, домот, спомените).

Со преселбата сето она што постоело дотогаш исчезнува како избришано со мокар сунѓер и човек е поставен пред празна табла на која не знае што, всушност, да напише (а в рака му се цеди претешкиот сунѓер со она што бил). Наеднаш сè е ново, нестабилно и изрелативизирано: и земјата, и јазикот, и домот, ако воопшто постои како таков. Секако дека има огромна возбуда „новата кожа“ на битието: се сеќавам дека пред да заминам од Македонија го очекував заминувањето цели два месеца со подготвен куфер, а кога заминав не почувствував желба да се вратам цели шест месеци. Тие шест месеци беа мојата „ничија земја“ во која се изрелативизира мојот поранешен идентитет, а новиот, исто така релативен, одвај ги пополнуваше дупчињата од сунѓерот наречен живот. Паралелно со тоа се промени и мојата литература, па токму идентитетот, преселбите, другоста, седентарноста versus номадизмот, националното versus космополитското итн. станаа главни предизвици за мојата книжевност.

Интересно е што во светот на уметноста номадизмот стана неприкосновен белег на човекот-уметник. Уметничките резиденции како моментни домови (симулакруми на Домот) му нудат на уметникот не само простор за творење со покриени дневни и патни трошоци туку и буквално покрив над главата во услови кога има уметници кои повеќе немаат постојано живеалиште (по сопствен избор или немајќи избор) туку живеат од една резиденција до друга, односно, подобро кажано, од резиденција во резиденција. Додека се во една резиденција веќе аплицираат за некоја наредна и всушност патуваат од едно до друго моментно живеалиште. Со тоа во целост ја оправдуваат терминологијата на Зигмунт Бауман за „флуидната модерност“ во која мобилноста на уметниците е директно поврзана со нивниот социјален прекаријат: овде стипендија, онде проект, на трето место нешто друго. Уметниците денес се и бездомници и луѓе со безброј домови. Моето искуство на co-living, во една уметничка резиденција во Виена ми покажа токму таков пример на уметник кој од секоја резиденција аплицира за уште неколку и е постојано во потрага по нови домови.

Во најразвиените делови од светот веќе со години трае трендот на со-жителствување или цимерство, феномен кој во источноевропските земји обично исчезнува по завршувањето на студиите, односно искуството од студентските домови: ретко кој продолжува да живее со состанари кога ќе тргне на работа или кога ќе основа семејство (освен со членовите на поширокото смејство). Парадоксално, во развиените земји таа практика на co-living, co-sharing на живеалиштето со други е сè уште присутна и речиси неизбежна: дури и млади (брачни) парови живеат со цимери за да си ги споделат трошоците. Сопственоста е изрелативизирана дури и институционално: понудите за размена, издавање или делење на сопствениот дом, а и на сопствениот автомобил/ автодом итн. со непознати е нешто што нашите родители (освен во хипи-периодот) не можеле да си го замислат. Инфлацијата на патувањата и на нискобуџетните летови доведе до две крајности кои сосема се совпаѓаат со времето во кое живееме: денес практично може да патува секој со минимална заштеда, а тој секој може да биде образован, но и необразован, со или без однос на почит кон културното наследство на земјите во кои патува (оттаму уништувањата на познати реликвии поради срамни и банални причини: селфи врз споменик, откршување парче од скулптура за спомен итн.). Светот се глобализира, но човекот како таков е сè уште локално битие кое мисли дека во светот му е дозволено (поради анонимноста) да го прави и она што не може да го прави дома.

Во последно време ме опседнува приказната за еден празен град, град на духови, во кој си живееле обични луѓе на кои еден ден им било речено да ги напуштат своите домови во рок од три часа поради опасност од воен удар. Со себе зеле само најнужни нешта, зашто им било речено дека ќе се вратат за 2-3 дена, но тоа никогаш не се случило. Веќе 40 години куќите се празни, како што биле оставени тогаш, а населбата ја чуваат војници. Никој не смее да влезе во Мртвиот град. Никој ништо не пипнал во домовите, не однел, не украл. Каква иронија на судбината – на жителите никој ништо не им украл од домовите, сè си стои онака како што оставиле, но домови повеќе немаат. Каде припаѓаат, што им припаѓа? Како воопшто да се справи човек со кризата на припадност? Лично ја претпочитам и се трудам да ја следам својата сопствена мисла: „Важно е да се има оган, а не огниште“. Дека е така стануваме свесни дури кога ќе излеземе од обрачот на огништето, од својот дотогаш единствен дом, и кога ни пристудува го палиме првото снопче дрва на патот, а кога ни се стоплуваат рацете повеќе не е ни важно каде е нашиот устроен дом. Покрај огнот се чувствувам секаде дома, дури и кога се прашувам дали сум и каде сум дома.



*Цртеж од серијата New Wall, Нада Прља 2011/12*
*техника: мастило на хартија*
*Подготвителни студии за проектот*
*Peace Wall во Берлин*

*Нада Прља*
*Визуелна уметница која е родена во Сараево, а живее и работи помеѓу Скопје и Лондон. Нејзините дела допираат теми поврзани со идентитет, припадност, миграција...*
*Освен активности во областа на уметноста, предавала на повеќе Британски универзитети.*
*Во 2014 година таа го основа независниот културен центар* **АГЕНЦИЈА ЗА СЕРИОЗНИ ИНТЕРЕСИ** *и интензивно се занимава со кураторство.*

*Лидија Димковска*
*Поетеса, прозаистка, есеистка, теоретичарка на книжевност и преведувачка која живее и работи во Словенија.*
*Во 2013 година ја добива наградата за литература на Европската унија за романот „Резервен живот“.*
*Меѓу нејзините поважни дела се и „Скриена камера“, „Црно на бело“, „Но-Уи“ и други.*

АРХИ.ТЕК: БЕСПЛАТНА МЕСЕЧНА ПУБЛИКАЦИЈА НА АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ, УКИМ + УРЕДНИЦИ: ВЛАДО ДАНАИЛОВ & МИЛА ДИМИТРОВСКА + + + + + + + + + + + + + + + + + + + + + © АРХИ.ТЕК arhitek.afs@gmail.com